# ЛАР

ЛОКАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ СТРУГА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2009

# СОДРЖИНА:

**Визија и Мисија** 3

**Долгорочни Цели** 3

**Програми и Проекти** 4-9

**Урбан и Рурален Развој**
*Едукативен материјал за учениците од областа на идниот Национален парк Јабланица*

**Преку-гранична Соработка**
*Промоција на органско земјоделство како алтернатива за заштита на Охридско и Преспанско Езеро*

**Социјално Вклучување**
*- Театар на Потчинети –образовна алатка за промена во однесувањата*
*- Чекор кон Родовата Еднаквост*

**Одржлив Туризам**
*- Практичен Прирачник „Алтернативни форми на туризам на Јабланица”*
*- Поддршка за Националниот Парк „Галичица"*

**Односи со Јавноста** 10

**Организација** 10

**Структура на ЛАР Струга** 10

**Програма Слики** 11

# ВИЗИЈА И МИСИЈА

Визијата на Локалната Агенција за Развој-Струга (ЛАР) е создавање одржливи решенија за севкупниот развој на општина Струга и југозападниот регион на Македонија

ЛАР-Струга ја заснова визијата на универзалните принципи за одржлив социо-економски развој, социјално вклучување на ранливите групи, рамноправност меѓу мажите и жените во сите сфери на животот, интеркултурна соработка и заштита на околината.

Мисијата на ЛАР-Струга е да постигне подобар квалитет на живот за жителите на урбаните и руралните делови од општина Струга, да се промовира социјално вклучување, да се развијат нови одржливи форми на туризам и да се допринесе за регионалниот развој преку соработка со различни актери од југозападниот регион на Македонија и соседна Албанија.

# ДОЛГОРОЧНИ ЦЕЛИ

- Поддршка на интеркултурна соработка и меѓу-етнички дијалог.
- Промоција на одржливи форми на туризам.
- Остварувањето на Милениумските Развојни Цели преку овозможување на подобар и еднаков пристап за социјално маргинализирани групи.
- Регионален развој преку вмрежување со различни заинтересирани страни од регионот и преку-гранична соработка.
- Намалување на разликата во развојот помеѓу урбаните и руралните средини во нашиот регион.
- Подобрување на квалитетот на живот на жителите од југозападниот регион на Македонија.
- ЛАР е препознаена како влијателен актер во регионот со доволно знаење и капацитет да го помага развојот на општината, регионот и граѓанското општество преку своите програми.

# ПРОГРАМИ И ПРОЕКТИ

Во 2009 година, во рамките на 4 програми, ЛАР Струга поднесе 11 апликации до 10 донатори. Од нив 5 беа одобрени, а 6 се во процес на одлучување.

## УРБАН И РУРАЛЕН РАЗВОЈ



Главната цел на оваа програма е да ја намали разликата во развојот помеѓу урбаните и руралните средини во нашиот регион и да го подобри квалитетот на живот на жителите. Во нашиот регион има потреба од зголемување на соработката и размената на знаења помеѓу различни организации од руралните и урбаните заедници и зголемување на соработка помеѓу јавниот, граѓанскиот и приватниот сектор.

ЛАР има развиено партиципативен пристап за постигнување на целите од оваа програма. За време на изработката на Стратешкиот и Акциониот План на Општина Струга, ЛАР основаше 7 граѓански советодавни одбори од различни сфери во животот. Овие одбори се составени од претставници од јавниот, граѓанскиот и приватниот сектор.

Тимот на ЛАР редовно се консултира со одборите со цел да се развие интегративен пристап при решавањето на проблемите со кои се соочуваме при реализацијата на одредени проекти.

Во текот на 2009 година се имплементираше проектот ***Едукативен материјал за учениците од областа на идниот Национален парк Јабланица.***

**За Проектот:** За успешно и долгорочно да се справиме со проблемот на заштитата на животната средина потребно е истиот да биде разбран од страна на најмладата популација. Децата треба да бидат запознаени со окружувањето во кое живеат и да ја воочат нераздлната врска помеѓу луѓето и природата.

Преку проектните активности особено се посвети внимание на децата кои живеат на подрачјето на идниот Национален Парк Јабланица и беа разработени повеќе теми:

-Што претставува Национален Парк?
-Кои се нивните обврски кон Националниот Парк?
-Што можат тие да направат за заштита на природата
-Ендемски видови на флора и фауна на Планината Јабланица.
-Атрактивни места за прошетка и рекреациија.



**Временска Рамка:** Јануари 2009-Септември 2009
**Соработници:** Основни училишта од регионот на Јабланица
**Резултати:** Со брошурата и промотивните постери кои се изработени во рамките на овој проект, комбинирано со посетите на терен и одржаните работилници во училиштата, се надополнува празнината во процесот на учење и спознавање на блиската околина.
Брошурата претставува единствен извор на информации за флората и фауната во идниот Национален Парк Јабланица, како и уникатните природни реткости кои мора да бидат сочувани и заштитени од страна на идните генерации.
**Поддржано од:** Македонско Еколошко Друштво, Euronatur, BfN

# ПРЕКУ-ГРАНИЧНА СОРАБОТКА

Главната цел на оваа програма е да ги поддржи напорите на ЕУ за регионален развој преку вмрежување со различни заинтересирани страни од регионот и преку соработка на регионални и преку-гранични проекти.

Преку-граничниот регион меѓу Албанија и Македонија ги има истите географски карактеристики, слични потенцијали за развој на природните ресурси и слични пречки поврзани со заштитата и вреднувањето на истите ресурси. Двете земји ги споделуваат истите драгоцени природни ресурси, посебно Охридското и Преспанското Езеро и реката Дрим.

Во насока на главната цел, во 2009 нашиот тим имплементираше преку-граничен проект ***Промоција на органско земјоделство како алтернатива за заштита на Охридско и Преспанско Езеро.***

**За проектот:** Здравјето и заштитата на околината стануваат се поважни приоритети на глобално и локално ниво. Луѓето во урбаните средини се посебно загрижени за тоа како да обезбедат квалитетна исхрана и да го го заштитат своето здравје. Медиумите информираат за последиците од болестите, но не информираат за можностите за здрава исхрана кои постојат на локално ниво и кои им се лесно достапни на граѓаните. Употребата на пестициди во конвенционалното земјоделие влијае негативно врз здравјето на луѓето и биодиверзитетот во езерата.



Целта на овој проект е да промовира промена на навиките и да стимулира консумација и употреба на органска храна и органски производи во урбаните делови на Охридско Преспанскиот Регион. Главни активности се кампања за зголемување на свеста, работилници и прекугранични средби со земјоделци, експерти, претставници од општините, испитување на јавното мислење. Целна група се земјоделците и потрошувачите од општините Охрид, Струга, Дебарца и Поградец.

**Временска Рамка:** Септември 2008 – Декември 2009
**Соработници:** Граѓанско Здружение ПЕФ од Поградец
**Резултати:**

- Воспоставени на Граѓански Советодавни Одбори во вклучените општини составени од фармери, претставник од Агенцијата за Развој на Земјоделие, претставник олокалното Министерство за земјоделие, претставници од Локалната Самоуправа.
- Креирано е Лого и Мото на Проектот (ГРИЖИ СЕ ЗА СЕБЕ, ГРИЖИ СЕ ЗА ПРИРОДАТА – ОРГАНСКА ХРАНА).
- Дизајнирани и испечатени промотивни постери, флаери, хартиени и платнени торби, маици и капи.
- Се организираа две прекугранични посети во Албанија и во Македонија на земјоделски фарми во Поградец - Албанија и Валандово – Македонија каде се разменија позитивните земјоделски пракси.
- Се организираа два прекугранични семинари за советодавните одбори од двете земји и 30 теренски работилници со земјоделците вклучени во проектот.
- Беа избрани неколку локални земјоделци кои произведуваат здрава храна и ја промовиравме нивната работа на локалните медиуми.
- Се изработи и се отпечати анализа за јавното мислење на потрошувачите за органската храна.
- Се набавија и се поставија тезги (штандови) за промовирање и продажба на органска храна во вклучените општини.

**Поддржано од:** Оваа иницијатива е поддржана од Регионалниот Центар за Животна Средина преку СЕКТОР Програмата, финансирано од Шведската Агенција за Меѓународен Развој

Оваа програма е создадена за да го помогне остварувањето на Милениумските Развојни Цели преку овозможување на подобар и еднаков пристап за социјално маргинализирани групи. Нашата главна цел е да се развијат проекти за социјална интеграција на жените, старите и лицата со посебни потреби. Овие ранливи групи се посебно чувствителни на постоечките проблеми како сиромаштијата, невработеноста, недостиг на доживотно образование и програми за обука.

Во текот на 2009 година во рамките на оваа програма реализиравме два проекти: ***Театар на Потчинети –образовна алатка за промена во однесувањата и Чекор кон Родовата Еднаквост.***

## Чекор кон Родовата Еднаквост



**За Проектот:** Општествата во кои демократијата почнала да се развива од порано, и каде жените и мажите имаат еднакви можности имаат постигнато многу поголем развој од оние каде сеуште владее патријархален систем. Во Македонија како едно патријархално општество е од суштинска важност е да се поддржат жените и да се зајакнат нивните капацитети. Целта на овој проект е токму таа: да им се помогне на жените да бидат поактивни во реализирањето на нивните права на локално и национално ниво и да допринесат за развој на заедницата. Преку женските форуми, обуките и конференциите, ќе се актуелизира темата за родовата еднаквост меѓу различните локални институции и женските организации. Невработените и сиромашни жени се една од целните групи на кои преку активностите ќе им се овозможи пристап до бесплатни советувања со стручни лица во различни сфери. Дел од тренинзите ќе бидат наменети за да им се помогне на жените да го зголемат нивниот економски потенцијал и да развијат бизнис идеи.

**Временска Рамка:** Јануари 2009 – Мај 2010
**Соработници:** НВО „Синиот Проект"-Охрид, Центрите за Социјални Работи, Подрачните Министерства за Внатрешни Работи, Основните Судови, локалните медиуми, Комисиите за Еднакви Можности од Охрид и Струга
**Резултати:**

- Спроведена кампања ( брошури, флаери, месечни информатори, ТВ интервјуа).
- Формирани два женски форуми во Охрид и Струга и организирани месечни дискусии на разни теми.
- Изработена и објавена студија за родовата еднаквост во Охрид и Струга.
- Организирани 2 конференции и 8 обуки.
- Доставен акциски план за родова еднаквост до локалните власти.

**Поддржано од:** Европската Унија

# Театар на Потчинети - Образовна Алатка за Промена во Однесувањата

**За проектот:** Благосостојбата на општеството зависи од благосостојбата во семејствата. Принципите врз кои се базираат семејните односи, неминовно се рефлектираат во целото општество. Децата кои растат во една здрава средина каде меѓу родителите има почитување, љубов и соработка, продолжуваат да ги применуват овие вредности и надвор од  нивниот дом. Спротивно на ова, децата кои се сведоци на семејно насилство подоцна можат да станат насилници или да ја прифатат како нормална улогата на жртва. Младите најчесто не го препознаваат и дефинираат семејното насилство како негативна појава, бидејќи насилството е сеуште табу-тема за која не се зборува.



Целта на проектот е да ги научи младите како да ги препознаваат и како ефикасно да се справат со негативните однесувања во семејството. Целна група се млади од 14-18 години од општините Охрид, Струга и Вевчани. Главни активности се работилници и припрема на театарска претстава, промотивна кампања, формирање координативно тело против семејно насилство составено од членови од релевантни локални институции.

**Временска Рамка:** септември 2009 – декември 2010
**Соработници:** Организација на Жени од Струга, НВО „Синиот Проект" од Охрид, Црвен Крст-Охрид
**Резултати:**

- Формирани координативни тела против семејно насилство во Охрид, Струга и Вевчани со претставници од релевантните локални институции и потпишан Меморандум за соработка.
- Младите коишто ќе учествуваат на работилниците и на претставата „Театар на Потчинети" ќе научат да ги препознаваат негативните стереотипи и да се справуваат со конфликтните ситуации во семејството.
- Родителите и претставниците од Институциите преку претставата ќе имаат прилика да видат како младите го доживуваат семејното насилство. Ќе ги препознаат улогите на насилник и жртва и ќе можат да си ги преиспитаат и сопствените животи.
- Испечатени и поделени постери и флаери на македонски, албански и турски под мотото „ Не дозволувај насилството да биде дел од твоето семејство".

**Поддржано од:** УНФПА – Фонд на Обединети Нации за Популација во рамките на заедничкиот проект за борба против семејното насилство







Главната цел на оваа програма е да го поддржи развојот на одржливи форми на туризам (еко, културен, рурален, религиозен и археолошки) кои може да овозможат заработка за локалното население, а притоа да немаат негативен ефект врз луѓето и околината. Регионот има голем потенцијал за развој на туризмот и истиот е главен приоритет на повеќето жители. Општините во нашиот регион имаат многу природни убавини кои придонесуваат за развој на туристички активности: прекрасни планини и национални паркови создадени за развој на зимски и планински туризам, чисти езера со убави плажи и пријатна клима за летен туризам, и светски познати историски и духовни споменици.

Во текот на 2009 година во рамките на оваа програма реализиравме два проекти: ***Практичен Прирачник „Алтернативни форми на туризам на Јабланица" и Поддршка за Националниот Парк „Галичица".***

## Практичен Прирачник „Алтернативни форми на туризам на Јабланица"

**За Проектот:** Туризмот претставува можност за користење на заштитените подрачја без искористување. Тоа е во исто време начин да се користи, штити и унапредува животната средина, богата со извонредни природни и внесени содржини. Развојот на алтернативните форми е посебно значаен во подрачјата во кои постои автентична природа и културно наследство сврзани со можности за рекреација, културни доживувања и забава. Регионот на идниот Национален Парк Јабланица има огромен потенцијал за развивање на одржливи форми на туризам кои позитивно ќе влијаат на природното опкружување.

Големата бројка на невработени лица кои живеат во регионот на Јабланица претставува голем социо-економски проблем кој го оптеретува целиот Регион.Сиромаштијата влијае на животот во селата и се рефлектира во вид на миграција.

Изготвувањето на Практичниот Прирачник во кој се опфатени содржините за можните алтернативни форми за туристички развој во подрачјето на Националниот Парк Јабланица овозможува локалното население да се стекне со информаци и знаења кои ќе ги искористи во креирањето на својата понуда.

**Временска Рамка:** Јануари 2009 – Септември 2009
**Соработници:** Професор Д-р Науме Мариноски-Факултет за туризам и угостителство во Охрид
**Резултати:**

- Изработка на Практичен прирачник „Алтернативни форми на туризам на Јабланица".
- Тренинг работилници за жителите во селата Луково, Нерези, Подгорци,Вевчани, Радожда, Калишта,Јабланица, Вишни и Горна Белица.
- Со проектните активности позитивно се влијаеше на колективната свест и разбирањето за значењето на Националениот Парк како и заштита на ендемичните видови растенија и животни и одржливо искористување на природните ресурси.
- Тимот на Локалната Агенција за Развој нуди и дава бесплатни совети на сите заинтересирани жители за можностите за развој на одржливи форми на туризам во пределот на Јабланица како и за стартување на сопствени бизниси кои ќе се темелат на принципите на одржливост, заштита на животната средина и одржливо искористување.

**Поддржано од:** Македонско Еколошко Друштво, Euronatur

# Поддршка за Националниот Парк „Галичица“



**За Проектот:** На територијата на Националниот Парк Галичица паркот во 17 села, покрај брегот на Охридското и Преспанското Езеро, живеат повеќе од 5000 жители. Тие традиционално ги користат природните ресурси на паркот. Смреклинките од сината смрека *(Juniperus communis)* и планинскиот чај *(Sideritas raeseri)* се вбројуваат во најпопуларните шумски производи. Дополнително на пасиштата растат значајни билки, како што е мајчина душица *(Thytus spp.)*, ајдучка трева *(Achillea spp.)*, смил *(Helichrysum spp.)* и други растенија, а планината е посебно богата со шипка, глогинки, и др. Од 1990 година, кога се влоши економската ситуација во регионот, локалното население почна интензивно да ги искористува природните ресурси на паркот, за сопствена потрошувачка и за продажба. На пример, многу од тревките се користат за лечење на болести, чајот се продава и слично. Во линија со новиот план за управување со паркот се предлага развивање на оддржливо користење и производство на шумски плодови и другите природни ресурси. Органското производсто и користење треба да го поддржува богатиот биодиверзитет на паркот. На тој начин, тие нема да се во спротивност со целите на заштита на паркот.

Една од целите на проектот беше да направи истражување за тоа како незаштитените области од паркот можат да се искористат од локалното население на одржлив начин без да му наштетат на паркот. Другата цел на проектот беше да го обучи локалното население за тоа како може да култивираат сами некои од медицинските раастенија, чаеви и шумски овошја со минимален негативен ефект врз паркот и неговата околина.



**Временска Рамка:** јуни-октомври 2009
**Соработници:** Јавна установа Национален Парк Галичица
**Резултати:**

- коментиран преглед анализа на меѓународните искуства во користењето на природните ресурси во заштитени области.
- критички осврт на студијата за други шумски плодови во НПГ изработена од во текот на 2008 и проценка на можностите за органско производство.
- коментиран преглед на состојбите на пазарот на други шумски плодови и органски производи со посебен осврт кон планинскиот чај (Sideritas raeseri), шипката (Rosa sp.) смреклинките од сина смрека (Juniperus communis), органското овчарство и органското пчеларство.
- коментиран преглед на потенцијални бизнис партнери за производство, преработка, откуп и трговија, на планинскиот чај (Sideritas raeseri), шипката Rosa sp.), смреклинките од сина смрека (Juniperus communis), органското овчарство и органското пчеларство.
- коментиран преглед на деловите од паркот кои се погодни за оддржливо собирање на други шумски плодови и делови од паркот кои се погодни за органско производство,органско овчарство и органското пчеларство.
- бизнис концепти и планови.
- препораки за брендирање и систем на контрола на квалитетот на производите.
- препораки за вклучување на центрите за посетители и информативните точки на ЈУНПГ, локалните продавници за сувенири, ресторани и хотели.
- препораки за можната финансиска и техничка поддршка, вклучително државни субвенции, фондови на Европската Унија и други програми.
- обука на потенцијалните и заинтересираните земјоделци и собирачи на диворестечки растенија.

**Поддржано од:** KfW

# Односи со Јавноста

ЛАР Струга во своето долгогодишно работење има воспоставено добри односи со дописниците на националните медиуми и сите локални медиуми (ТВМ, НТВ, ТВ Морис, Охрид Њуз, Радио Охрид, Супер Радио, Бисер Радио, Тв Калтрина). Истите редовно доаѓаат на нашите проектни активности и ја известуваат јавноста за текот на реализација. Во 2009 ЛАР ја изработи и објави новата веб страната на која редовно се објавуваат сите вести од нашата работа како и кампањи на одредени теми. Во текот на целата година, излегување месечен информатор за состојбите со родовата еднаквост во општините Струга, Вевчани и Охрид.

# Организација

Локалната Агенција за Развој (ЛАР) во Струга е основана во Јануари 2004 година како дел од проектот „Локално Управување за Одржлив Економски и Човечки Развој" ( Кластерот на УНДП за Децентрализација и Добро Управување). Во рамките на своето 6 годишно работење ЛАР има спроведено 25 проекти во 5 програми со проектен буџет од околу 360 илјади евра. ЛАР располага со целосно опремена канцеларија од 50м$^2$ во центарот на Струга.

# Структура на ЛАР Струга








STRUGA CITY MAP





